ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2019 година

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, а активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
- промените во единствената евиденција на станбениот и деловниот простор не се навремени, хронолошки и целосни;
- за објектите чија изградба е во тек и за залихата на недвижности наменети за продажба не се доставени целосни податоци;
- пописот на средствата, побарувањата и обврските не е некомплетно и целосно извршен согласно законските акти.

**Издадено мислење*:**

Не изразивме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2019 година, а за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме мислење со резерва.

**Клучни препораки:**
- ажурирање на единствената евиденција;
- податоците за објектите во изградбата и за недвижностите за продажба во базата на податоци, да се целосни и навремени;
- вршење целосен попис согласно прописите.

**Клучни системски слабости:**

./.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Поголем дел се образложенија за причините за констатираните состојби, дел се образложенија за преземени активности по дадените препораки и две забелешки се за применетиот термин за завршна сметка и за искажан износ во денарска противвредност.

**Одговор на добиени забелешки:**
Забелешките за состојбите за кои се преземени активности по дадените препораки се обелоденети, дел од состојбите се соодветно дополнети и коригирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018